


**Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално**.

МЦМС ја заснова визијата за мир, хармонија и просперитет, на универзалните принципи на граѓанско општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социо-економски развој, ненасилство, почит и меѓузависност и културна разноличност.

**Мисијата на МЦМС е „МЦМС предводи и поттикнува промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови**“.

***Вредности и принципи***

**Партиципација** (учество, вклученост) на луѓето - подразбира вклученост во процесите на одлучување, на сите оние кои имаат легитимен интерес во прашањата кои ги засегаат.

**Транспарентност и одговорност** (јавност, отвореност, отчетност) – подразбира јавност (јавна проверка, контрола) и отвореност на институциите и процесите во општеството. Нужно е таа да биде пропратена со постоење механизми кои обезбедуваат одговорно однесување на клучните актери.

**Партнерство** (соработка) - подразбира односи на соработка меѓу вклучените страни, кои се согласуваат да ги споделат правата и одговорностите заради постигнување одредена цел. Партнерството како принцип, се надградува на партиципацијата.

**Толеранцијата** е спремност да се препознаат и почитуваат верувањата и однесувањата на другите. Оваа вредност е клучна за стабилноста на општеството, кое пак е предуслов за просперитет.

**Претприемништво** - значи преземање иницијатива (и ризик) за сопствен успех - личен или на заедницата (социјално претприемништво). Глобалните искуства потврдуваат дека најуспешните општества се базираат на иницијативност и иновативност.

**Одржливост** - значи долгорочност и континуитет на процесите и состојбите. Одржливиот развој е процес на промена во кој сите заедно, експлоатацијата на ресурсите, насоките на инвестициите, ориентацијата на технолошкиот развој и институционалната промена, се во хармонија и овозможуваат сегашните и идните потенцијали да ги задоволат човековите потреби и аспирации.

**Еднакви можности** – за сите луѓе за пристап до придобивките од политичките, економските и социјалните процеси и механизми за тоа да се обезбеди, без дискриминација и/ или фаворизирање на други.

Документот „ **Визија, мисија и стратегија на МЦМС** “ е формулиран врз основа на досегашните долгорочни програмски определби и насоките од неколкуте работилници со членови на Советот, Управниот одбор и Извршната канцеларија на МЦМС.